Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-2076/6 од 06.05.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 18-та седница одржана на 06.05.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година, бр.05-1806/1 од 02.04.2020 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 243.132.275,00 денари.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од износ од 354.000,00 денари, наменети за набавка на заштитни средства за превенција од Коронавирусот.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:

- Групната ставка **401 – Потрошена енергија** ќе се намали за 354.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 3.100.000,00 денари, ќе изнесува 2.746.000,00 денари.
- Позицијата **401000 – Потрошена електрична енергија** ќе се намали за 354.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 2.500.000,00 денари, ќе изнесува 2.146.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на стока – електрична енергија за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка ќе се склучи договор со понизок износ од планираниот.
- Групната ставка **400 – Потрошени материјали** ќе се зголеми за 354.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 2.499.000.000,00 денари, ќе изнесува 2.853.000,00 денари.
- Позицијата **400700 – Потрошени други материјали и суровини** ќе се зголеми за 354.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 454.000,00 денари, ќе изнесува 808.000,00 денари. Се работи за зголемување на средства кои се наменети за набавка на заштитни средства за превенција од Коронавирусот.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2020 година, со цел да се обезбедат средства наменети за набавка на заштитни средства за превенција од Коронавирусот. За горенаведената исплата потребно е да се обезбедат средства во вкупен износ од 354.000,00 денари.

За да се обезбедат 354.000,00 денари, потребно е да се изврши измена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година и тоа: Групната ставка 401 - Потрошена енергија се намалува за 354.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 3.100.000,00 денари изнесува 2.746.000,00 денари. Позицијата 401000 – Потрошена електрична енергија се намалува за 354.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 2.500.000,00 денари изнесува 2.146.000,00 денари. Групната ставка 400 – Потрошени материјали се зголемува за 354.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 2.499.000,00 денари изнесува 2.853.000.000,00 денари. Позицијата 400700 – Потрошени други материјали и суровини се зголемува за 354.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 454.000,00 денари изнесува 808.000.000,00 денари.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2020 година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 243.132.275,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-2076/6 од 06.05.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 18-та седница одржана на 06.05.2020 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр. 05-2118/1**

**06.05. 2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архивата;